MQS
Partner of Quality Austria
Бр./Nr 12-3966/2
09.11 г./v. 2020

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 и член 23 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси (“Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.12/19) Државната комисија за спречување на корупција постапувајќи по предмет оформен врз основа на пријава доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат поносител – физичко лице на 40-та седница, одржана на ден 06 Ноември 2020 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**

Пријавата за корупција бр. 12-3966/1 од 20.08.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од познат поносител – физичко лице, ------------------------- од ---------------------- СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема надлежност - нема основ за нејзино надлежно постапување во предметот со број 12-3966 од 2019 година оформен врз основа на пријавата бр. 12-3966/1 од 20.08.2019 година.

Предметот со број 12-3966 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Примерок од одлуката да се достави до подносителот на пријавата.

**О б р а з л о ж е н и е**

Предметот со број 12-3966 од 2019 година е оформен врз основа на пријава бр. 12-3966/1 од 20.08.2019 година, доставена од познат поносител – физичко лице, ------------------------------- од ----------------------.

Пријавата содржи наводи за нарушување на владение на недвижен имот помеѓу соседи – во врска со користење на пристапен пат. Од содржината на пријавата произлегува дека се работи за меѓусоседско несогласување, а има наводи и за меѓусебни закани.

Пријавата не содржи наводи за евентуална поврзаност и/или одговорност на службени лица, ниту наводи за коруптивни дејствија и злоупотреби на службена должност и/или несовесно работење во службата од страна на службени лица - избрани, именувани или кои вршат работи од јавен интерес, а заштита на своите права од настанатиот спор подносителот може да остварува со медијација и/или пред надлежен суд.

По извршени проверки во архивата на предмети кај Државната комисија за спречување на корупцијата, Државната комисија утврди дека во предметниот регистар - деловодникот на ДКСК е регистриран предмет со број 12- 1865 од 2015 година, заведен по истата пријава од истиот подносител. По оваа пријава Државната комисија постапила во 2016 година и донесен

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e MaqedonisësëVeriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

бил/ е заклучок според кој ДКСК нема надлежност - нема елементи за надлежно постапување, а до подносителот било/е доставено соодветно известување за постапувањето и за донесениот заклучок, па оттаму, постапувањето на Државната комисија за спречување на корупцијата по пријавата бр. 12- 3966/1 од 20.08.2019 година – врз основа на иста фактичка состојба е беспредметно, дотолку повеќе што не се изнесени нови/други факти и околности.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 06 Ноември 2020 година под број 12- 3966/ 2**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател,**
**Билјана Ивановска**

По заклучок на седница на ДКСК
Изработил: Х.М., Советник
Одобрил: С.П.Д., Член на ДКСК

Доставено до
-Архива
-Подносителот